РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1243/4
26-02-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 46 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 19.02.2021 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето ----------, нотар бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-4236/1 од 10.09.2019 година.

Предметот со број 09-4236/1 од 10.09.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-4236/1 од 10.09.2019 година е оформен по поднесена пријава од ---------- од Битола против лицето ------------, нотар, со наводи дека истото лице ја извршува и функцијата конзул на Република Црна Гора во Република Северна Македонија. Во пријавата исто така има наводи дека и блиско лице (ќерка) на ----------- е нотар за истото подрачје како и пријавеното лице.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК се обрати до лицето ---------- со Барање за доставување на податоци и информации со бр. 09-1234/1 од 20.02.2020 година во врска со тоа дали покрај тоа што истата е именувана за Нотар од Министерството за правда за вршење на нотарската служба, извршува и друга функција, професионална дејност, служба или дополнителна дејност во некој државен орган или друг правен субјект кој остварува профит.

----------- достави информација и документација со бр. 09-1234/3 од 18.09.2020 година со која известува дека истата е номинирана за Почесен конзул на Босна и Херцеговина во Република Северна Македонија со седиште во Битола преку Патентно писмо од 19.05.2014 година и со Одлука за реименување

бр. 01-50-1-1770-44/18 од 10.05.2018 година донесена од Претседателството на Босна и Херцеговина со мандат од 3 години.

Во наведениот допис, лицето ---------- образложува дека наведената функција не е нејзина професионална дејност или служба од која остварува профит.

На седницата одржана на ден 19.02.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против лицето -----------, нотар бидејќи не се потврдуваат наводите од пријавата. Во однос на назначувањето на нејзино блиско лице (ќерка) за извршување на нотарска служба за исто подрачје како и пријавеното лице, ДКСК заклучи дека согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот нема надлежност да постапува.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Shkup
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., советник